Бр./Nr. 04-140/6

21.01.2026 год./viti

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25), член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а во врска со член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Одлуката за потреба од вработување бр.04-1731/1 од 23.12.2025 година, Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-140/1 од 12.01.2026 година и Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-140/2 од 14.01.2026 година, како и јавниот оглас бр.05/2025 за вработување на неопределено време на 3 (три) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавен на ден 24.12.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Коха“ и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за не вршење избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на неопределено време**

1. **НЕ СЕ ВРШИ избор** на кандидат по јавниот оглас број 05/2025, објавен на ден 24.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Коха“ и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за засновање на работен однос на неопределено време во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на работно место Самостоен администратор за односи со корисници во Одделение за односи со корисници во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место: ТИРЗ Скопје 1) – Шифра ТИР0405Б04002________1 (еден) извршител.

2. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

Врз основа на Одлуката за потреба од вработување бр.04-1731/1 од 23.12.2025 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 24.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Коха“ и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објави јавен оглас број 05/2025 за засновање на работен однос на неопределено време за повеќе работни места, меѓу кои и за работното место Самостоен администратор за односи со корисници во Одделение за односи со корисници во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место: ТИРЗ Скопје 1) – Шифра ТИР0405Б04002________1 (еден) извршител.

Комисијата ги разгледа доставените пријави за што состави Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-140/1 од 12.01.2026 година во кој беше констатирано дека нема доставено уредна пријава, а има доставено една неуредна пријава со причина за неуредност немање доволно работно искуство во струката, по што Комисијата состави и Записник за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-140/2 од 14.01.2026 година во кој беше констатирано дека нема доставено уредна пријава, а има доставено една неуредна пријава. Врз основа на горенаведеното Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе одлука како во диспозитивот.

Директор
Д- р Гоце Димовски

______________

**Правна поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена до Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од денот на објавувањето на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Доставено до:
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за финансиски прашања
Архива

Изработил: Маја Базерковска
Одобрил: Ирена К. Стојанова